АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА
12.10.2011 година

Предмет: Соопштение

***ЕВРОПСКИ ДЕН НА ГРАЃАНСКА ПРАВДА***

**Почитувани,**

25 – ти Октомври е Европскиот ден на граѓанска правда што секоја година се одбележува во сите држави во Европа.

Република Македонија и оваа година се вклучува во одбележување на овој ден, па во сите Основни и Апелациони судови и во Управниот суд во Република Македонија, 25-ти октомври ќе биде отворен ден за граѓаните на Република Македонија, со цел правдата да се доближи до граѓаните и "корисниците на правдата" да бидат запознаени со нејзиното функционирање.

За таа цел, ги повикуваме граѓаните на Република Македонија на 25-ти октомври да го посетат Апелациониот суд во Битола и судовите на ова апелационо подрачје , така што пред Вас ќе ги изнесеме состојбите во кои се наоѓаме, начинот на кој функционираме , како се остваруваат правата пред суд, мерките кои се превземаат за подобрување на работењето и реформите во судството кои се од клучно значење за сегашноста и иднината на нашата земја.

Имајќи го предвид јавниот карактер на судовите, Вие имате право да знаете што тие работат, со какви проблеми се соочуваат и кои активности се превземаат, како да остварите контакт со нас преку нашата Канцеларија за информација и односи со јавност, бидејќи судовите се најголеми гаранти за Вашите слободи и права.

Со почит,

Претседател на Апелационен суд Битола
Даница Ристева с.р.